**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/2
03-03. 2020 год.
СКОПЈЕ

FON FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# БИЛТЕН

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 229**

**Скопје, 03.03.2020**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник по стручно уметнички предмети, од областите: Цртање - 60700, Графика и графички техники - 60702 Друго (Графички дизајн)- 60712........................................................................3683
2. Рецензија за избор на еден наставник во насловно звање, од научните области: Уметност на XX век (импресионизам, кубизам, фовизам, надреализам, дадаизам) - 60615 и Друго (Општа историја на уметност) - 60620................3687
3. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Граѓанско право - 50803..........................................................................................................3692
4. Рецензија за избор на еден соработник од областа Архитектонско проектирање и дизајн - 20100.............................................................................3699
5. Рецензија за избор на еден соработник од областа Материјали и техники на градење - 20108 и Префабрегација и монтажа во архитектурата - 20111.....3704

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ, ОД ОБЛАСТИТЕ ЦРТАЊЕ (60700), ГРАФИКА И ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ (60702) И ДРУГО (ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН) (60712) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката за распишување на конкурс за избор на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Првиот приватен универзитет ФОН, бр. 22-1202/4, донесена на 18.10.2019, и врз основа на конкурсот на Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 29.10.2019, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите: цртање (60700), графика и графички техники (60702) и Друго (Графички дизајн) (60712), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Првиот приватен универзитет ФОН, бр. 22-1450/4, донесена на 4.12.2019, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Марија Ветероска, претседател, проф. д-р Фехим Хусковиќ, член и проф. д-р Трајче Блажевски, член.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите: цртање (60700), графика и графички техники (60702) и Друго (Графички дизајн) (60712), во предвидениот рок се пријави еден кандидат: доц. м-р Антонио Аранѓеловиќ.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на неговата научна, стручна и педагошка дејност Рецензионата комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Антонио Аранѓеловиќ е роден во Скопје на 23.02.1986 година. Завршува средно уметничко училиште Д.С.У.П.У. Лазар Личеновски на отсекот графика во 2004. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје во 2010 година, на отсекот графика со графички дизајн, во класата на проф. м-р Мирко Вујисиќ. Магистрира на истиот факултет, на отсекот графика, во 2014 година со магистерскиот труд „Куќичка на дрво“. Аранѓеловиќ твори успешно во повеќе уметнички медиуми како што се ликовната уметност, стрипот, музиката, графичкиот дизајн и анимацијата.

**Наставно-образовна дејност**

Антонио Аранѓеловиќ во 2015 година е избран за доцент на ФОН Универзитетот. Наставната дејност ја практикува во прв и во втор циклус на студии на Факултетот за дизајн и мултимедија. Предмети за кои континуирано одржува настава се: Техники на цртање 1, Техники на цртање 2, Графички дизајн 1, Графички дизајн 2, Сториборд, Стрип дизајн, Графички дизајн-напредно ниво 2. Во периодот од 2015 година до сега има изведувано настава и на предметите: Ликовна естетика во дизајнот, Подготовки за печат и Дизајн на подвижна слика. Од 2015 до 2019 е професор по предметите Ликовно изразување 1 и 2, кои се дел од програмата на Архитектонскиот Факултет при ФОН Универзитетот. Покрај наставата, Аранѓеловиќ е ментор, член или претседател на голем број комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови.

Оценувањата од страна на студентите, спроведени од Комисијата за самоевалуација на ФДМ, за Аранѓеловиќ секоја година резултираат со висока оценка.

Аранѓеловиќ активно учествува во факултетските комисии, како и во организацијата на завршната годишна изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија. Секоја година од 2015 до 2019 е учесник во научно – наставниот и апликативен проект на Фон Универзитетот „Фабрика на знаење" како еден од менторите на тимовите.

**Творечки активности до 2015:**

Во полето на ликовната уметност до 2015 има остварено две самостојни изложби, првата во 2011 во Младинскиот Културен Центар (графики, цртежи и слики), а втората во Графичкото студио во Музејот на Град Скопје (графики). Има учествувано на повеќе групни изложби и ликовни колонии – државни и меѓународни.

Во полето на стрипот до 2015 има издадено 3 изданија на сега веќе култниот стрип насловен ФАЦИЗАМ. Вреди да се спомне дека првиот дел (Фацизам 1), издаден во Декември 2010, на промоцијата одржана во Музејот на Град Скопје, успеа да продаде над 250 примероци за една вечер и цел тираж од 500 примероци низ текот на следната година што е рекорд во оваа област. Стрипот учествувал на неколку Стрип фестивали ширум Балканот.

Во полето на музиката е познат како Тонио Сан кое подоцна му станува уметничко име во сите области и уметнички и творечки медиуми.

Во полето на анимацијата, автор е на краткометражниот цртан филм „Празен Ум" (Empty Mind) од 5 минути каде се јавува како комплетен автор (режисер, аниматор, карактер дизајнер, цртач и монтажер). Цртанот кој е завршен во 2014 година, истата година учествувал на Белградскиот фестивал за анимација Балканима и на Скопскиот Филмски фестивал (во програма со филмови кои добија Оскар во 2015).

Во полето на графичкиот дизајн има работено во Маркетинг Агенцијата JWT во Скопје од 2010 до 2011. Како графички дизајнер во фирмата и како freelancer има изработено голем број на дизајни како што се амбалажи на продукти, банери, постери, плакати, музички кавери и омоти, насловни страни на книги, каталози, логоа и др.

**ТВОРЕЧКИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ ВО ПОЛЕТО НА УМЕТНОСТА ОД 2015 ДО 2020:**

Антонио Аранѓеловиќ во Јули, 2015 година учествува на Ликовната колонија во Плав, Црна Гора. Во склоп на колонијата, учествува на групните изложби во Плав и Нови Пазар. (референца 5 и 2)

Во 2016 година го дизајнира идентитетот на 27 – Европско првенство во Кендо, одржано во Скопје од 21 март до 3 април, под покровителство на Македонската Иаидо – Кендо федерација и Европската Кендо федерација. Аранѓеловиќ е главен графички дизајнер на официјалниот плакат за првенството, официјалното лого на првенството, официјалниот каталог, медалот за прво, второ и трето место, благодарниците и дипломите, брендираните продукти како што се маици, приврзоци, чаши итн. За неговиот труд Македонската Кендо федерација му врачува благодарница и почесна награда за професионален придонес. (референца 3)

Во 2016 година учествува во организацијата на конкурсот за студентски плакат на тема „Република Македонија како туристичка дестинација" и целокупниот проект „Полската школа на плакат". Во март 2017, Полската амбасада, Музејот на град Скопје и Плакарт, му врачуваат благодарница за укажаната поддршка и заложба за успешното реализирање на целокупниот проект. (референца 4)

Во мај 2016 година, се одржува промоција на вториот музички албум на Легијата, проект на кој Антонио се потпишува како дизајнер на севкупниот дизајн на омотот на ЦД-то, кое содржи и буклет од 16 страни со авторски цртежи и дизајни на Аранѓеловиќ. (референца 3)

Во мај 2017 година, се одржува промоција на ФАЦИЗАМ 4, четвртиот дел од Стрип серијалот ФАЦИЗАМ, каде Аранѓеловиќ се јавува како еден од двајцата автори кои комплетно го пишуваат, илустрираат и дизајнираат стрипот. Делото доживува сличен успех како и претходните изданија на серијалот. (референца 3)

Во септември 2017 година, во Музејот на град Скопје, Аранѓеловиќ ја отвара својата трета самостојна изложба насловена како „Чиј е мојот град?". Изложбата ја сочинуваат 28 дела, традиционални графики и цртежи. Изложбата ја отвара кураторот Александар Ристевски од Центарот за промоција на култура и туризам, а предговорот во каталогот го напиша проф. д-р Марија Ветероска. (референца 1)

На 30 септември 2017 година, во Музеј Дебар маало, во организација на Реборн, се случува голем настан посветен на локалната култура и уметност, на која Аранѓеловиќ учествува со цртежот насловен „Маалскиот змај". (референца 2)

Во септември 2018, година во Културно Информативниот Центар, се одржува групна изложба на дела од македонски ликовни уметници, насловена „Донирај Уметност", поттикната од пожарите во Атина, со повод после поставката во Скопје, делата да заминат како хуманитарна донација во Атина. Антонио учествува во групната изложба со графика во дигитален печат, насловена „Поврзаност". (референца 2)

На 8 мај 2019 година во Младинскиот културен центар во Скопје, Антонио Аранѓеловиќ прави промоција на, како што кажува самиот тој, едно од неговите најкомплетни дела: графичка новела од 112 страни под наслов „Некои мали нешта". Стрипот е заведен во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, под издавачката куќа „Пропоинт". Антонио Аранѓеловиќ е комплетен автор на приказната, сценариото, дизајнот, како и на сите 370 илустрации во делото. (референца 3)

## ЗАКЛУЧОК

Доц. м-р Аранѓеловиќ ги има исполнето Репрезентативните референци за избор во наставно-научни звања по стручно-уметничките предмети во вонреден професор, односно, во годините од последниот избор, Аранѓеловиќ реализирал вкупно 10 референци од категориите: 1, 2, 3, 4, 5.

М-р Антонио Аранѓеловиќ е исклучително активен автор во областите на цртањето, графиката и графичките техники и графичкиот дизајн. Неговите дела се изработени со особен фокус и високо креативен пристап - дела кои имаат опиплива уметничка тежина. Неговиот пристап кон уметноста е значајно темелен, па слободно може да се каже дека делата на Аранѓеловиќ имаат суштинска многуслојност на креативното творење. Како доцент се истакнува во својата наставна дејност со особен напредок и високи постигнувања во наставата и вонаставните активности.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната и стручно-уметничката и апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Антонио Аранѓеловиќ. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Антонио Аранѓеловиќ поседува наставни и стручно-уметнички квалитети и ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор по стручно-уметнички предмети од областите: цртање (60700), графика и графички техники (60702) и Друго (Графички дизајн) (60712).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, **м-р Антонио Аранѓеловиќ** да биде избран во звањето **вонреден професор по стручно-уметнички предмети од областите: цртање (60700), графика и графички техники (60702) и Друго (Графички дизајн) (60712).**

## РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. проф. д-р Марија Ветероска, с.р. претседател

2. проф. д-р Фехим Хусковиќ, с.р. член

3. проф. д-р Трајче Блажевски, с.р. член

## РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ, ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: УМЕТНОСТ НА XX ВЕК (ИМПРЕСИОНИЗАМ, КУБИЗАМ, ФОВИЗАМ, НАДРЕАЛИЗАМ, ДАДАИЗАМ) – 60615 И ДРУГО (ОПШТА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ) – 60620 НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА ПРИ ФОН УНИВЕРЗИТЕТ, СКОПЈЕ

По конкурсот објавен на ден 29.10.2019 година во „Нова Македонија" за избор на еден наставник во насловно звање од научните области: Уметност на XX век (импресионизам, кубизам, фовизам, надреализам, дадаизам) – 60615 и Друго (Општа историја на уметност) – 60620, со одлука бр. 22-1450/3 донесена на седницата на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитетот, Скопје одржана на 04 декември 2019, се формираше рецензентска комисија во состав: проф. д-р Елизабета Димитрова, проф. д-р Џемил Бектовиќ и проф.д-р Катерина Апостолска. До Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитетот, рецензентската комисија го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник со насловно звање од научните области: Уметност на XX век (импресионизам, кубизам, фовизам, надреализам, дадаизам) – 60615 и Друго (Општа историја на уметност) - 60620 се јавил еден кандидат: д-р Ивана Јарчевска, дипломиран историчар на уметноста со археологија, магистер по историја на уметноста и доктор по театролошки науки.

Преглед на пријавените кандидати според конкурсната документација

Образование

Дипломира на Институтот за Историја на уметност со археологија при Филозофски факултет на универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, во 1999 година, со просечна оцена 9, 40 и се стекнува со титулата Дипломиран историчар на уметноста со археологија. Понатаму во 2007 година, магистрира на истиот Институтот, со магистерската дисертација „Модерните тенденции во македонската театарска сценографија во последните три децении на 20. век", и се стекнува со научен степен Магистер на историјата на уметноста. Докторира на Институтот за театрологија при Факултетот за драмски уметности на универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, со докторската дисертација „Функцијата на костимот во македонската театарска продукција помеѓу 1950 и 1985 година", и се стекнува со научен степен Доктор по театролошки науки.

Работно искуство

2013 година до денес: соработник, а од 2015 година раководител на Музеј при НУ „Македонски народен театар", Скопје, при анализирање и датирање на уметничките, сценографските и костимографски дела и организирање на настани кои се дел од оваа установа;
2015 година до денес: доцент по предметите Историја на костим и мода и Историја на дизајн, на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН универзитет;

2010 година до 2015: помлад уметнички соработник по предметната програма Историја на уметност, на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН универзитет;
2007 до 2009 година: соработник во независната новинска агенција МАКФАКС, Скопје;
2002 до 2010 година: програм координатор во установата за култура „Детски театарски центар" (програм координатор и носител на 5 (пет) големи проекти и организатор на настани, фестивали, претстави, изложби и турнеи);
2006 до 2008 година: предавач од областа на македонската археологија, уметност и дизајн; организација: меѓународната агенција „*Ventic*", со седиште во САД и Велика Британија; во Охрид, Македонија;
2001 до 2004 година: новинар за уметност и дизајн во неделникот „Актуел", Скопје;
2000 година: надворешен соработник за уметност и дизајн во дневниот весник „Утрински весник", Скопје;
1999 година: автор на текстови за уметност и култура во ЗАЈАК – Интернет списание за уметност и култура, во издание на Сорос центар за современа уметност, Скопје;
1997 до 1999 година: член на ископувачкиот тим на археолошкото наоѓалиште Виничко кале, организација: *Музеј на Македонија,* Скопје.

Избор на позначајни проекти:

Автор е на книгата „Костимот во претставата", во подготовка за печат.
Автор е на изложбата „Од текст до претстава (македонските автори на сцената на МНТ)", поставена вп Македонски народен театар – Скопје, 03 април 2019 – март 2020.
Автор е на изложбата „Македонски народен театар", поставена во Сити мол, Скопје, 22 - 29 април 2018.
Автор е на изложбата „Моќта на актерот", поставена во Македонски народен театар, Скопје, 03 април 2018 - 10 март 2018.
Ко-автор е на изложбата „Исчекор кон сонцето", поставена во Македонски народен театар, Скопје, 03 април - 20 јуни 2016.
Соработник е на изложбата „Уменичката збирка на МНТ", поставена во Македонски народен театар, Скопје, 03 април - 20 јуни 2015.
Соработник е на монографијата „Бранко Ѓорчев (1962 – 2013)", 2015 година.
Ко-автор е на изложбата „Василие Поповиќ - Цицо, столетие" и автор на текст во каталози. Првата поставка е во Ликовната галерија, Прилеп, 6 – 20 јуни, и втората проширена поставка во Даут-пашин амам, Скопје, 4 октомври - 4 ноември 2014 година.
Асистент куратор е на визуелниот дел на 14. Биенале на млади уметници на Европа и Медитеранот, оддржан во 2009 година;
Автор и куратор е на изложбата „Очите на Македонија", Скопје, оддржана во мај 2008 година.
Ко-автор е на серијата документарнни филмови за Старата Чаршија под наслов „Старата чаршија, столб на иднината", реализирани во 2009 година.
Автор е на научно-истражувачки трудови во зборникот „*Театарот на почвата на Македонија, XX век, книга 15", во издание на* Македонската академија на науки и уметности, објавен во 2007 година.
Автор и куратор е на изложбата „Крсте С. Џидров, театарски плакат 1982 - 2007", Скопје, Прилеп, Куманово, Струмица, Кочани, Битола, Велес, во 2007 година.
Ко-куратор е на 4-та годишна изложба „Портрет 11-11",во рамките на Сорос центар за современа уметност, Скопје, оддржана во 2000 година.

Објавени трудови во публикации:

- авторски научен труд под наслов *Концептот на колективитет во македонскиот театар*, на 16. меѓународен симпозиум на театарска критика и театролози *Колектив на дело: истражување на колективитетот во современиот театар*; организатор: Стеријино позорје, Нови Сад и Меѓународна асоцијација на театарски критичари IATC, 2018, објавен онлајн
- соработник на монографијата *Бранко Ѓорчев (1962 – 2013)*, 2015 година
- *Василие Поповиќ – Цицо* (објавен во каталог „*Василие Поповиќ – Цицо, столетие*", Музеј МНТ и НУ Национална галерија на Македонија, 2014)
- *Развојот на македонската сценографија и костимографија,* (објавен во зборник „*Театарот на почвата на Македонија, XX век, книга 15*", МАНУ, 2007)
- *Томо Владимирски (1904 – 1971),* (објавен во зборник „*Театарот на почвата на Македонија, XX век, книга 15*", МАНУ, 2007)
- *Василие Поповиќ - Цицо (1914 – 1962),* (објавен во зборник „*Театарот на почвата на Македонија, XX век, книга 15*", МАНУ, 2007)
- *Рада Петрова - Малкиќ (1930),* (објавен во зборник „*Театарот на почвата на Македонија, XX век, книга 15*", МАНУ, 2007)
- *Елена Дончева (1942),* (објавен во зборник „*Театарот на почвата на Македонија, XX век, книга 15*", МАНУ, 2007)
- *Крсте С. Џидров (1950),* (објавен во зборник „*Театарот на почвата на Македонија, XX век, книга 15*", МАНУ, 2007)

Избор на обуки:

2008 година: *Локална младинска иницијатива – школа за организирање на настани и дебати*, во организација на Младински образовен форум – Скопје, во Струга;
2007 година: *Школа за односи со јавност*, во организација на НВО Инфоцентар, Амвон комуникации и Олоф Палмеинтернационален центар, Стокхолм, во Струга;

Избор на семинари, работилници, студиски престој (избор):

- *Образование, култура и заедницата,* организација: Детски театарски центар; во Стокхолм, Шведска, месец октомври; како организатор, учесник и предавач, 2005 година;
- *Регионална соработка – образование и театар – следните чекори*: Олоф Палмеинтернационален центарСтокхолм; во Мостар, Босна и Херцеговина, месец февруари, како учесник и предавач, 2005 година;
- *Театар и образование* (шест семинари во текот на две години), организација: Детски театарски центар, Скопје во соработка со Wolf and Waters Company, Англија, и Het Waterhuis, Холандија; Педагошка академија, Скопје, како организатор и предавач, 2003 и 2004 година:
- *Деца, театар и образование*, организација: Детски театарски центар, Скопје во соработка со Het Waterhuis, Холандија; 31 март - 04 април, на Педагошка академија, Скопје, како организатор, 2003 година;
- *Уметникот и општеството,* организација: „Здружение на граѓани 359°"";во Струмица, Македонија, месец декември;како учесник, 2001 година;

- *Корени и ризоми*, организација: Сорос центар за современа уметност, Скопје, Македонија, месец јули и септември; како учесник, 1999 година.

РЕЗИМЕ:

**Д-р Ивана Јарчевска** е родена на 21 март 1976 во Скопје, Република Македонија. Дипломирала на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1999 на тема „Пит Мондријан - живот, творештво и филозофија", со просечна оценка 9,40, а на истиот магистрирала 2007 на тема „Модерните тенденции во македонската театарска сценографија во последните три децении на 20 век (1970-2000)". Во 2014 година докторира на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на тема „Функцијата на костимот во македонската театарска продукција помеѓу 1950 и 1985 година".
Работното искуство на кандидатот е најпрво е врзано за соработка во рамките на новинарството како соработник во областа уметност и дизајн со повеќе печатени медиуми, но и како програмски координатор во Детскиот театарски центар – Скопје. Од 2010 работи како помлад уметнички соработник, а од 2015 како доцент на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитетот по предметната програма на Историја на уметност и дизајн. Од 2013 година работи како соработник, а потоа и како раководител на Театарскиот музеј при НУ Македонски народен театар – Скопје.
Во рамките на кураторските активности во периодот 2000-2009 нејзината активност е насочена кон проекти од областа на современата уметност (3) и театарот (7), а учествува во работата на 2 школи и 12 семинари и работилници од кои 7 од областа на театарот, 1 од областа на современата уметност и 2 од областа на јапонската уметност.
Како монографски библиографски единици, како научно-истражувачки трудови се наведени 8, сите од театарот (сценографија и костимографија) (2007 и 2018), додека во областа на публицистиката се наведени текстови во дневниот весник „Утрински весник", во неделникот „Актуел" (2001 – 2004) и ЗАЈАК – Интернет списание за уметност и култура.
Дополнително е автор на четири каталошки текста.
Член е на Друштвото на македонско-јапонско пријателство и соработка и Јапонскиот информативен центар, Скопје, од 1997 година.
Во комуникцијата се служи со англиски и српски јазик, а ги познава и основните компјутерски програми.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од увидот во конкурсната документација на пријавениот кандидат и одлично познавање на кандидатот сметаме дека:

**д-р Ивана Јарчевска** во поголем дел својата научно истражувачка, монографска и публицистичка дејност ја врзува за театарската уметност, поточно костимографијата и сценографијата, третирани и од аспект на историјата на уметноста, односно третирани како дел од историјата на применетото уметничко обликување. Но, дел од овие истражувања, практики и монографски остварувања се однесува и на периоди и на методологии врзани за историјата на костимот, дизајнот и културата во целост. Тоа особено е согледливо во нејзиниот тековен научно-истражувачки ангажман, а во рамките

на докторска дисертација на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Согласно карактерот и спецификите на студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитетот и структурата на предметите од областа на историја на уметност, историја на костим и мода и историја на дизајн, сметаме дека заради таквите широки познавања и искуства од областа на костимографијата, визуелната уметност, дизајнот и современата култура таа **ги исполнува условите за избор.**

Затоа, врз основа на поднесената документација, мислењето за кандидатот, и пред сé врз основа на анализата на творечкиот опус и придонесот во научно-истражувачката работа и вклученост во високо образовната дејност, имаме чест и задоволство на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитет да му предложиме да го избере кандидатот д-р Ивана Јарчевска во насловно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** од научните области: Уметност на XX век (импресионизам, кубизам, фовизам, надреализам, дадаизам) – 60615 и Друго (Општа историја на уметност) - 60620.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Елизабета Димитрова, с.р. - претседател

2. Проф. д-р Џемил Бектовиќ, с.р. - член

3. Проф. д-р Катерина Апостолска, с.р. - член

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ПО ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ВО РАМКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ФОН**

Во согласност со Законот за високото образование , на ден 21.11.2019 година од Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки во рамки на Универзитетот ФОН во Скопје, формирана е рецензиона Комисија за избор во наставно научното звање „доцент„ по граѓанско право во следниов состав:

1. Доц.д-р Зинета Асани - председател на комисијата
2. Проф.д-р Сејдефа Џавче - член
3. Доц.д-р Арлинда Кадри-Шахиновиќ - член

По разгледувањето на пријавата и сите приложени документи, рецензионата Комисија во претходно наведениот состав го поднесува следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс во Весникот Нова Македонија на 29.10.2019 година за избор во наставник по граѓанско право (50803) на ден 04.11.2019 година единствено се пријави кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева од Штип.

По разгледувањето и проучувањето на поднесените документи од кандидатката Дијана Ѓорѓиева, ги изнесуваме следниве констатирани податоци.

**1.Биографски податоци за кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева**

Кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева е родена на 25.08.1986 година во Штип каде го завршува основното образование со континуиран одличен успех, а во 2005 година и средното образование во Гимназијата „Славчо Стојменски„ во Штип. За време на

основното и средното образование е наградувана со повеќе награди на локално и државно ниво од кои најважни се: Прво место на државниот натпревар по македонски јазик и литература во 2004 година и Првото место на државниот натпревар по историја во 2005 година.

На Правниот факултет „Јустинијан Први„ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје се запишува во академската 2005/2006 година. Факултетот го завршува во 2008 година со просечен успех 8,54 и се стекнува со звање „Дипломиран правник„.

Во академската 2008/09 година Дијана Ѓорѓиева ги продолжува студиите на втор циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први„ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје на правосудната насока Модул А – Граѓанско право. Предвидените тринаесет испити ги положува со просечен успех 9,58. На 10.01.2011 година успешно го одбрани магистерскиот труд под наслов "Европски извршен наслов за неспорни побарувања" (Комисија за одбрана во состав: проф д-р Татјана Зороска Камиловска - ментор, проф. д-р Арсен Јаневски – претседател и проф д-р Тони Десковски - член) со што се стекна со звање „Магистер по право„.

Во академската 2011/12 година Дијана Ѓорѓиева се запишува на трет циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први„ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје на студиската програма „граѓанско право„. Предвидените осум испити успешно ги положува со просечен успех 9,75. На 02.07.2019 година успешно ја одбрани докторската дисертација под наслов "Правна природа на правото на правната заштита во граѓанската постапка" (Комисија за одбрана во состав: проф. д-р Арсен Јаневски - ментор, проф д-р Татјана Зороска Камиловска - претседател, проф д-р Родна Живковска - член, проф д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска – член и проф д-р Емине Зендели - член) со што се стекнува со звање „ Доктор на правни науки по граѓанско право„.

Кандидатката Дијана Ѓорѓиева активно го говори англискиот јазик за што поседува уверение од Филолошкиот факултет Блаже Конески во Скопје бр. 03-2185/2 од 08.10.2019 година, а активно го говори и шпанскиот јазик. Кандидатката има одлични познавања на Microsoft Windows XP Microsoft Office.

**Научно-истражувачка дејност**

Кандидатката Дијана Ѓорѓиева се јавува како автор и коавтор на повеќе научно-истражувачки трудови објавени во земјата и странство. Научниот интерес на кандидатката воглавно е фокусиран кон граѓанското процесно право на ЕУ, компаративното граѓанско процесно право и арбитражното право.

Од анализата на приложените трудови може да се констатира дека трудовите се посветени на актуелни теми, а со тоа даваат придонес за развојот на научната мисла од областа на граѓанското процесно право, а пошироко се рефлектираат и врз областа на граѓанското материјално право.

Кандидатката Дијана Ѓорѓиева се јавува како автор или коавтор на следниве трудови:

1. Gorgieva Dijana (во коавторство со Stoileva Zorica), European enforcement order for uncontested claims - new challenge for the Macedonian civil procedural law, SEE Law Journal, Vol. 1 No. 1, 2014, UDC: 347.952:341.24(4-672EU):347(497.7);

2. Ѓорѓиева Дијана (во коавторство со Стоилева Зорица), Компаративното граѓанско процесно право - блиска реалност или непотребна научна амбиција, Годишен зборник на Универзитетот Гоце Делчев во Штип бр.7, Правен факултет, 2017, UDC: 347.91/.95.05(4:497.7);

3. Ѓорѓиева Дијана (во коавторство со Стоилева Зорица), Легисакциската (граѓанската) судска постапка во античкиот Рим, Systasis No.32, ISSN 1857-5129, УДК: 347.91/.95 (37), 2018 година;

4. Ѓорѓиева Дијана (во коавторство со Стоилева Зорица), Кондемнаторна тужба и правен интерес да се бара кондемнаторна правна заштита, **Scientific Journal International dialogue: east-west,** SSN print: 1857-9299, ISSN online: 1857-9302, 347.922.037, Година V, Бр.2, Свети Николе, 2018 година;

5. Gorgieva Dijana (во коавторство со Stoileva Zorica), Arbitration Award and Economic Challenges, International Journal of Science and Arts, Vol.1, No.2, UDC: 341.638:334.72, Skopje, 2017;

6. Gorgieva Dijana (во коавторство со Stoileva Zorica), European enforcement order for payment procedure, 4-th International Scientific Conference of the Faculty of Law, International

Journal of Legal Sciences Justicia ISSN 1857-8454, UDK 339.723 4-672ЕУ, Faculty of Law Tetovo, Tetovo, 2017;

7. Ѓорѓиева Дијана (во коавторство со Стоилева Зорица), Граѓанската постапка во светот на глобализацијата, 5-та меѓународна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, Правен факултет Штип УДК: 347.113.06-027.511, Штип, септември 2018 година;

8. Gorgieva Dijana (во коавторство со Stoileva Zorica), The non-contentious proceedings in the civil law system, 5-th International Scientific Conference of the Faculty of Law – The rule of law and civil society, International Journal of Legal Sciences Justicia ISSN 1857-8454, Faculty of Law Tetovo, Tetovo, 2018;

9. Gorgieva Dijana (во коавторство со Stoileva Zorica), The service in the Member States of judicial and extrajudicial documents in civil or commercial matters, UDK 347.1.072.3:341.24"2007, International Scientific Conference Security, Political and Legal Challenges of the Modern World, Volume II, "St. Kliment Ohridski" University Bitola, Bitola, 2018;

10. Gorgieva Dijana (во коавторство со Gjorgjioska Emilija и Stoileva Zorica), Interim measures in arbitration, International journal knowledge, Scientific Papers Vol. 28.6. Bansko, 2018;

11. Gorgieva Dijana (во коавторство со Stoileva Zorica), Procedural legal standing (legitimatio ad processum), Iustinianus Primus Law Review, Vol.18, 2018;

12. Ѓорѓиева Дијана (во коавторство со Стоилева Зорица), Арбитражното vs државното судење, IDEA - International Journal of Science and Arts, Vol. 5, UDC:347.918(497.7), Skopje, 2019;

13. Ѓорѓиева Дијана (во коавторство со Стоилева Зорица), Сингапурската конвенција: нов предизвик за медијацијата, 6-та меѓународна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, Правен факултет Штип, Штип, 2019 година;

14. Ѓорѓиева Дијана (во коавторство со Стоилева Зорица), Арбитражната одлука и нејзиното дејство, **Scientific Journal International dialogue: east-west**, Свети Николе, 2019 година;

15. Ѓорѓиева Дијана, Деклараторна тужба и правен интерес да се бара деклараторна заштита, Стручно списание Правник бр. 320, 2018 година;

16. Ѓорѓиева Дијана, Приговор заради пребивање, Стручно списание Правник бр. 315-316, 2018 година;

17 Ѓорѓиева Дијана, Враќање во поранешна состојба во парничната постапка, Правник бр. 322, 2019 година;

18. Ѓорѓиева Дијана, Надлежност на арбитражниот суд да одлучува за сопствената надлежност, Правник бр. 324, 2019 година;

19. Ѓорѓиева Дијана, Сопственичко-правен режим на културното наследство во Република Македонија, Правник бр. 325, 2019 година;

20. Ѓорѓиева Дијана, Право на судење од непристрасен суд во граѓанската постапка, Институтот за човекови права, Правен дијалог бр. 18, Скопје, 2018 година;

21. Ѓорѓиева Дијана, (Не)дискриминација на жената во постапките за вработување, Монографија на Факултетот за правни науки при ЕУРМ – Жената во современото општество, Факултет за правни науки при ЕУРМ, Скопје, 2019 година;

22. Ѓорѓиева Дијана, Литиспенденција и меѓусебно поврзани барања, Стручно списание Правник бр. 289, 2016 година;

23. Ѓорѓиева Дијана, Конститутивната тужба како посебен механизам за процесна реализација на правниот поредок in concreto, Стручно списание Правник бр. 327-328.

Покрај ова кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева присуствувала и/или учествувала на следниве академски собири:

1. Втората арбитражна конференција: Арбитражата во Република Македонија – предизвици за развој, Скопје, мај 2015 година;

2. International conference: Arbitration in CEFTA Region, Скопје, февруари 2014 година;

3. 9-th International Scientific Conference International Dialogue East-West, Sveti Nikole, 2018 godina;

4. 10-th International Scientific Conference International Dialogue East-West, Sveti Nikole, 2019 godina;

5. International Scientific Conference: Security, Political and Legal Challenges of the Modern World, St. Kliment Ohridski, University Bitola, Bitola, 2018 godina;

6. 4-th International Scientific Conference of the Faculty of Law Tetovo; Security Challenges and Universal Standards in the Euro-Atlantic Integration process, Tetovo, 2017 godina;

7. 5-th International Scientific Conference of the Faculty of Law Tetovo: The rule of law and civil society, Tetovo, 2018 godina;

8. 5-та меѓународна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, Правен факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип, 2018 година;

9. 6-та меѓународна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, Правен факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип, 2019 година.

Кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева во текот на докторските студии во периодот од 4 до 10 мај обавува студиски престој на Правниот факултет во Ниш.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата со внимание ја разгледа пријавата, документите и прилозите доставени од страна на единствениот пријавен кандидат д-р Дијана Ѓорѓиева и врз основа на истите заклучи дека кандидатката во целост ги исполнува законските услови за избор во наставно научното звање доцент по граѓанско право кои ги предвидува Законот за високото образование.

Кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева има остварено просечен успех 8,54 на првиот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје и просечен успех 9,58 на вториот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје. Врз основа на ова кандидатката го исполнува законскиот услов за просек од најмалку 8 (осум) во текот на студиите од прв и втор циклус.

Кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева има научен степен доктор на науки од областа на граѓанското право и во докторските студии има остварено просечен успех 9,75. Врз основа на ова кандидатката има научен степен доктор на науки од областа во која се избира за доцент – граѓанското право.

Врз основа на прегледот на објавените трудови кандидатката го исполнува и законскиот услов за објавување на најмалку четири научни труда во референтна научна публикација, како и условот за познавање на најмалку еден странски јазик бидејќи

поседува уверение од Филолошкиот факултет Блаже Конески во Скопје бр. 03-2185/2 од 08.10.2019 година за познавање на англиски јазик.

Врз основа на приложениот список од објавени научни и стручни трудови, учествата на различни академски собири и конференции, но и усовршувањето во странство д-р Дијана Ѓорѓиева како млад научник има значаен творечки потенцијал за научно- истражувачка работа, како и способност за изведување на високообразовна дејност.

Имајќи ги во предвид погоре наведените констатации, Рецензионата комисија смета дека кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева ги исполнува сите услови предвидени во Законот за високото образование за избор во звањето „Доцент„ по граѓанско право.

Поради ова Рецензионата комисија со особена чест и задоволство му предлага на наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки во рамки на Универзитетот ФОН во Скопје да ја избере кандидатката д-р Дијана Ѓорѓиева во звањето „Доцент по граѓанско право„.

**Рецензиона комисија:**

1.Доц.д-р Зинета Асани, с.р. – председател

-----------------------------------------------

2.Проф.Сејдефа Џавче, с.р. - член

-----------------------------------------------

3. Доц.д-р Арлинда Кадри-Шахиновиќ, с.р. - член

-----------------------------------------------

Скопје,

24.12.2019

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР / РЕЗИБОР НА НАСТАВНО - НАУЧНО, НАСТАВНО - СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН, СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Првиот приватен универзитет, ФОН – Архитектонски факултет во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" на 29.10.2019 година, за избор на асистент **од областа на Архитектонско проектирање и дизајн (20100)** и врз основа на Одлуката, донесена на Наставно-научниот совет, одржан на 19.12.2019 година во Скопје, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. Доц. м-р Арбреша Ибрахими, наставник на Архитектонски факултет при ФОН Универзитет, претседател
2. Доц. м-р Јасна Грујоска, наставник на Архитектонски факултет при ФОН Универзитет, член
3. Вон. проф. д-р Мимоза Клековска, наставник на Архитектонски факултет при ФОН Универзитет, член

Во тоа својство, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на еден соработник, во соработничко звање асистент, од областа на **Архитектонско проектирање и дизајн (20100)** во предвидениот рок се пријави кандидатот

**1. Ивица Томо Софрониевски**

**ИВИЦА ТОМО СОФРОНИЕВСКИ**

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Ивица Томо Софрониевски е роден на 31.03.1992 година во Гостивар. Средното образование го завршува во 2010 во средноопштинското училиште, гимназија "Панче Попоски" во Гостивар.
Во септември 2010 година се запишува на Архитектонскиот факултет при универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на интегрирани петгодишни студии, каде **дипломира** во октомври 2015 година со просечна оцена **8,29.**

Од компјутерските вештини, покрај познавањето на Microsoft Word и Excel, владее со сериозни графички пакети за работа со 2D и 3D (AutoCAD, ArchiCAD, а почнува да изучува 3Ds Max), како и Photoshop, Sketchup, V-ray, Ilustrator. Учествувал во летната школа за архитектура, на тема Chaple for nature , под менторство на арх. Сами Ринтала / Финска, во 2014 год. Присуствува на форумот *Share Skopje 2017* одржан на 05.09.2017год.

Од 14.03.2019 год. поседува Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура издадена од Комората на овластени архитекти и овластени имженери. Поседува "Б" возачка дозвола.Има познавање на англискиот јазик (ниво Б1.1), албански и српски јазик.

**Работно искуство**:

Во досегашното работно искуство како архитект, работи во неколку градежни и други фирми како:

**06.2013-08.2013/05.2014-08.2014 "ПЕЛАГОНИЈА"- Гостивар**

Учествувал во изградба на Станбен комлекс- Маврово

Соработник во основен проект за приватен станбен објект – вила-Маврово

**15.08.2015-15.10.2015 "ЕЛИН БИЛД" ДООЕЛ, с. Батинци, Скопје**

Соработник при надзор изведба на станбена зграда "Дабар" во Општина Кисела Вода

Соработник при надзор изведба на индивидуална семејна куќа во с. Батинци, Скопје

Соработник при надзор изведба на индивидуална станбена куќа во с. Батинци, Скопје

**15.10.2015-15.07.2015 ДППТУ "МАКАУС" ДООЕЛ, с. Батинци, Скопје**

Учество во изведба на сценската зграда на театарот во Скупи

Учество во изведба на ѕидарски, тесарски и а.б работи на театарот "Стар театар" – Струмица
Реконструкција на црквата св.Петка во Младо Нагоричане
Реконструкција на објект во Стара Скопска Чаршија

**15.07.2016 - 03.10.2016 ДППТУ "ФИЛИП-ПРИМА" ДООЕЛ –Скопје**

Учество во изведба на завршни работи во :
"Џевахир Скај Сити"- Општина Аеродром
"Балкан Универзитет"- Општина Чаир
Приватна станбена зграда во Општина Кисела Вода

**04.10.2016 - 13.11.2018- ДГ " БЕТОН" АД – Скопје**

Клинички центар "Мајка Тереза" , Скопје
Станбена зграда , Струмица
Студентски дом " Гоце Делчев", Скопје ( реконструкција )
Кеј "13-ти Ноември" - Скопје
Реконтрукција на сифон во Влае , Скопје
Изведба на рехабилитација на 13 училишта во Република Македонија
Изградба на ново ОУ ,во Визбегово во Општина Бутел
Реконструкција на Бит-Пазар општина Чаир, Скопје
Изградба на станбена зграда Реонски Центар Аеродром, Скопје
Реновирање и реконструкција на Јавна установа во Визбегово
Изградба на индустриска хала во Петровец, Скопје
Реконструкција на бензинска станици на Лукоил, Скопје
Повеќенаменска спортска сала во Општина Карпош – Скопје
Изградба на училишна спортска сала, с.Средно Коњари, Скопје
Изградба на таложник за петролкокс ТИТАН - Скопје
Изградба на детска градинка во населба Сењак ,Штип
Реконструкција на трафостаница – ЕВН, Скопје
Изградба на Општинска Административна Зграда - Општина Арачинов
Изградба на Детска градинка во Шуто Оризари, Скопје

**ИНДИВИДУАЛНИ ПРОЕКТИ**

Проект за индивидуална семејна куќа-Битола,
-инвеститор : Александар Ангелоски и Марја Станоевиќ Ангелоска
Проект за реконструкција и адаптација на деловен објект "КИРБИ" ;
- површина: По+П+1 = 700 м2
- инвеститор: "ДЕВЕКОМ" ДООЕЛ , Гостивар
Проект за реконструкција и адаптација на деловен простор ;
- површина: По+П+2 = 450 м2

- инвеститор: "ДЕВЕ КОМ" ДООЕЛ , Гостивар

Проект за ресторан со партерно уредување; ресторан "ВАРДАР" ;
- површина: П+2 = 1800 м2
- инвеститор: "ТЕХНОБИТ" ДООЕЛ - Гостивар ;

Проект за индивидуална станбена куќа во Општина Кисела Вода - Скопје ;
- површина: По+П+2+Пк = 600м2
- инвеститор: Зорица П. и Томо С.

Проект за индивидуална станбена куќа во Гостивар ;
- површина: По+П+2 = 300 м2
- инвеститор: Томо С.

Проект за вила во природа -Маврово ;
- површина: П+1 = 150 м2
- инвеститор: Владо Г.

Проект за индивидуална семејна куќа со сместувачки капацитети- Берово ;
- површина: П+2+Пк = 500 м2
- инвеститор: Борис Магдов .

Проект за индивидуална семејна куќа - Берово ;
- површина: П+1+Пк = 200 м2
- инвеститор: Ристе Боболински

**КОНКУРСИ**

Идеен проект за автокамп на брегот на езерото Мантово-Радовиш
Идеен проект за авто салон на "Мак Ауто Стар"-Скопје
Идеен проект за доградба и реконструкција на хотел "Молика"Битола
Идеен проект за студентски дом “Тодор Александров” –Скопје

**ЕНТЕРИЕРИ**

Проект за ентериерно уредување на деловен објект "КИРБИ";
- површина: 400м2 ; инвеститор "ДЕВЕКОМ" ДООЕЛ - Гостивар ;

Проект за ентериерно уредување на ресторан "ВАРДАР" ;
- површина : 1800 m2; инвеститор: "ТЕХНОБИТ" ДООЕЛ - Гостивар ;

Проект за ентериерно уредување на стан во Гостивар ;
- површина : 110 m2; инвеститор Дејан С. и Веселинка С.

Проект за ентериерно уредување на стан во Гостивар
- површина : 70 m2; инвеститор Дејан С. и Веселинка С.

Проект за ентериерно уредување на стан во Гостивар
- површина : 90 m2; инвеститор Ангелина Д.

Проект за ентериерно уредување на стан; Општина Карпош
- површина : 43 m2 ; инвеститор Трајче В.

Проект за ентериерно уредување на стан; Општина Карпош
- површина : 66 m2 ; инвеститор Зоран К. и Гордана К.

Проект за ентериерно уредување на деловен простор ; Општина Аеродром - површина : 60 m2 ; инвеститор "ГЕОИНФОРМАТИАК" ДООЕЛ- Скопје

**СОРАБОТНИК ПРИ НАДЗОР И ИЗВЕДБА**

Изведба на деловен објект "КИРБИ"
површина: 400м2 ; инвеститор "ДЕВЕКОМ" ДООЕЛ - Гостивар ;
Изведба на ресторан "ВАРДАР" (земјени и бетонски работи се во тек )
инвеститор: "ТЕХНОБИТ" ДООЕЛ - Гостивар ;
Изведба на ентерјер на стан во Општина Карпош;
површина : 43 m2 ; инвеститор Трајче В.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија ја вреднуваше и ја оценуваше наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност на кандидатот м-р Ивица Софрониевски.

М-р Ивица Софрониевски поседува научни, стручни, педагошки и етички квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на ФОН Унверзитет, ги исполнува сите услови за избор на асистент од областа: Архитектонско проектирање и дизајн (20100).

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, при ФОН Универзитет во Скопје, кандидатот м-р Ивица Софрониевски да биде избран во звањето асистент од областа: Архитектонско проектирање и дизајн (20100).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

доц. м-р Арбреша Ибрахими, с.р. – претседател

_______________________________

доц. м-р Јасна Грујоска, с.р. - член

_______________________________

вон. проф. д-р Мимоза Клековска, с.р. - член

_______________________________

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР / РЕЗИБОР НА НАСТАВНО - НАУЧНО, НАСТАВНО - СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН, СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Првиот приватен универзитет, ФОН – Архитектонски факултет во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" на 29.10.2019 година, за избор на асистент **од областа на Материјали и техники на градење (20108)** и врз основа на Одлуката, донесена на Наставно-научниот совет, одржан на 19.12.2019 година во Скопје, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. Вон. проф. д-р Мимоза Клековска, наставник на Архитектонски факултет при ФОН Универзитет, претседател
2. Доц. м-р Арбреша Ибрахими, наставник на Архитектонски факултет при ФОН Универзитет, член
3. Доц. м-р Лилјана Димевска, наставник на Архитектонски факултет при ФОН Универзитет, член

Во тоа својство, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на еден соработник, во соработничко звање асистент, од областа на **Материјали и техники на градење (20108)** во предвидениот рок се пријави кандидатот

**1. Марко Владо Цоневски**

**Заклучок и предлог**

Врз основа на доставената документација што Рецензентската комисија ја вреднуваше и оценуваше дојде до сознание дека не е исполнета законската обврска за постигнат просек во текот на студиите. Просекот од 7,89 е недоволен за избор во звање асистент на Архитектонски факултет при ФОН Универзитетот.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

вон. проф. д-р Мимоза Клековска, с.р. – претседател

______________________________

доц. м-р Арбреша Ибрахими, с.р.- член

______________________________

доц. м-р Лилјана Димевска, с.р. - член

______________________________